# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ЕЛС МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка“ бб – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk
ЕМБС 5991951; ЕДБ 4009005108600


Бр. 04-48/3
08. 01. 2019

Врз основа на член 30 став 1 точка 2 и став 3 и член 48 и 49 од Закон за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен Весник на Република Македонија“бр.11/15, 35/18), Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Македонска Каменица бр.09-425/1 од 22.02.2016 година и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Македонска Каменица бр.09-758/1 од 10.04.2018 година, Општина Македонска Каменица објавува

## ***ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ – 01/2019***

**за унапредување на еден (1) админстративен службеник во Општина Македонска Каменица за следното работно место**

1. **Советник-внатрешен ревизор, шифра УПР0101В01000, Одделение за внатрешна ревизија -** ***еден (1) извршител***

**Посебни услови**

- ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правни науки или Економски науки;
- најмалку три години работно искуство во струката од кои најмалку две години работно искуство во областа на внатрешната или надворешната ревизија.

**Општи работни компетенции**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

**Посебни работни компетенции**
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Кандидатите кои аплицираат на Интерниот оглас треба да ги исполнуваат следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречна казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

На Интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Општина Мекедонска Каменица, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во Законот за административни службеници и во Правилникот за систематизација на работните места, за работното место за кое се објавува огласот, како и:

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на тековното работно место; и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат и следниве докази:

- потврди за успешно реализирани обуки; и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

Распоред на работно време

**Работни денови:** понеделник-петок
**Работни часови:** неделно-40 часа
**Работно време од** 07.30 часот - 15.30 часот

Паричен нето износ на плата: **24.904,00 денари**

Рокот за пријавување на огласот изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот на веб страната на Општина Македонска Каменица и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата на Општина Македонска Каменица ја доставуваат до Одделението за управување со човечки ресурси на Општина Македонска Каменица, како и до службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси vesna.doncevska@makedonskakamenica.gov.mk.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополента пријава нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување формирана од страна на Градоначалникот на Општина Македонска Каменица.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените

докази верни на оригиналот.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

изготвил: Весна Дончевска
прегледал:
одобрил:

**Општина Македонска Каменица**
**Градоначалник**
**Соња Стаменкова**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ЕЛС МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка“ бб – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk
ЕМБС 5991951; ЕДБ 4009005108600


**До**
**Одделение за управување со човечки ресурси**
**на Општина Македонска Каменица**

## ПРИЈАВА
### за Интерен оглас број 01/2019

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Организациона единица | |
| Тековно работно место/звање и шифра на работното место | |
| Работно искуство | |
| Стручни квалификации / Вид на образование | |
| Дали ги исполнува општите и посебните услови предвидени со Законот за административни службеници за работното место за кое е објавен Интерниот оглас и кои документи ги приложува како доказ: | |
| Дали има најмалку 2(две) години работно искуство во областа на внатрешната или надворешната ревизија | |
| Дали е оценет со оцена А или Б при последното оценување | |
| Податоци за оценување во последните три години пред објавување на интерниот оглас изразени во оценка до втора децимала | |
| Датум од последното распоредување на тековното работно место | |
| Дали е изрекувана дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на Интерниот оглас | |
| Доколку имате посетувано обуки и семинари во последните 5(пет) години наведете кои и доставете докази: | |
| Потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник) и докази: | |

**Подносител на пријавата**
**(Име, презиме и потпис)**

______________________

# И З Ј А В А

Јас _________________________ кандитат за унапредување по Интерен оглас број 01/2019, објавен на веб страната на Општина Македонска Каменица и на веб страната на Агенцијата за администрација, под морална, материјална и кривична одговорност потврдувам дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

**Изјавил/Кандидат**

Дата : _____/______/2019 година